REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-975/6

28 04. 2022 год.-viti

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 25 седница одржана на 10.11.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Германски јазик и литература", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма „Германски јазик и литература", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Професор по германски јазик и литература /во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor of german language and literature.

4. Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки
Научно – истражувачко поле: 604 Наука за јазик, 612 Наука за книжевност
Научно – истражувачка област: 64005 Германистика; 64010 Општа лингвистика; 64011 Применета лингвистика; 64022 – Преведување; 64024 Теорија на литературата.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 30 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 08- 1948/5 од 16.07.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Германски јазик и литература", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-3369/2 од 07.10.2021 година (наш бр. 08 - 975/1 од 07.10.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 23-та седницата одржана на 19.10.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 975/3 од 15.11.2021 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 25 - та седница одржана на 10.11.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова